**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17.10.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4940 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Анализирани се десет изданија на централната дневна-информативна емисија на ТВ Шења, емитувана во 18:55 часот, во периодот од 2 до 11 октомври. Вкупното времетраење на анализираните прилози е 2 часа 50 минути и 41 секунда.

Претежно информативните жанрови (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар) изјави, се застапени со 2 часа 41 минута и 42 секунди (Табела 1). Преостанатите 8 минути и 59 секунди се новинарски осврти.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Шења | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:27:56 | 17,27 | % |
| СДСМ | 00:06:30 | 4,02 | % |
| ДПА-ДР | 00:03:14 | 2,00 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:56 | 1,81 | % |
| Без субјекти | 00:19:14 | 11,89 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:48 | 2,97 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:05:09 | 3,18 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:22:59 | 14,21 | % |
| Влада на РМ | 00:12:29 | 7,72 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:57 | 1,82 | % |
| Собрание на РМ | 00:04:55 | 3,04 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:31 | 2,17 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:38 | 2,25 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:26 | 0,89 | % |
| Судство | 00:04:54 | 3,03 | % |
| Беса | 00:08:16 | 5,11 | % |
| Унитети | 00:01:26 | 0,89 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:38 | 0,39 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:15:30 | 9,59 | % |
| Опозициски совет | 00:01:21 | 0,83 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:56 | 0,58 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:06 | 0,06 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:01:07 | 0,69 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:56 | 0,58 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:50 | 2,99 | % |
| | **Вкупно: 02:41:42** | 100 | % |

Три од вкупно 25 субјекти, колку што се појавуваат во анализираните прилози, имаат двоцифрена процентуална застапеност. Тоа се категориите: „Други субјекти", Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари и „Без субјекти".

Со удел од 17% (околу 28 минути) во вкупното времетраење на прилозите што се предмет на методолошка обработка, субјектите кодирани како „Други субјекти" се првозастапени, и во овој извештаен период, а оваа група ја сочинуваат: Универзитет на Југоисточна Европа, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Стопанска комора на РМ, Регулаторна комисија за енергетика, адвокати, Универзитет „Мајка Тереза", универзитетски професори, новинари и др. Отстапеното време за „други субјекти" најмногу е поврзано со два настани за коишто информираше ТВ Шења во рамки на четвртиот извештаен период, случувањата околу новоотворениот Универзитет „Мајка Тереза" и судскиот процес „Дива населба". Во првиот случај беа емитувани изјави на засегнатите страни (претставници на „Мајка Тереза" и на Универзитетот на Југоисточна Европа) и универзитетски професори од двата кампуса, но и надвор од нив, со свои мислења за

новоотворениот универзитет. Во вториот случај, поврзан со судскиот процес „Дива населба", најчесто како соговорници се појавуваат адвокатите на обвинетите.

Со околу 23 минути временска застапеност (или 14.21%) во вкупното време на анализираните прилози, следуваат претставниците на странските амбасади во РМ, претставниците на меѓународните организации и странските политичари, обединети како еден субјект, насловен Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари. Неизгласувањето на пакетот закони коишто се однесуваат на работата на Специјалното јавно обвинителство, беше повод за реакции на странските амбасадори во РМ, за коишто информираше медиумот. По овој повод, амбасадорите имаа средби и со дел од вонпарламентарните партии од албанскиот политички блок, што како настани беа проследени на телевизијата. Уште неколку настани во коишто како субјекти се јавуваат претставници на категоријата амбасадори/меѓународни организации/странски политичари ја одбележаа неделата, а за коишто информираше ТВ Шења: средбата на лидерот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски, со конгресмени од САД, информациите за посетата на европратеникот Ричард Ховит и средбите со СДСМ и Специјалното јавно обвинителство, информациите за есенското парламентарно собрание на ОБСЕ во врска со мигрантската криза, организирано во Скопје. Времето го надополнуваат и пренесените ставови во рамки на вестите на: Нина Суомалајнен, шеф на мисијата на ОБСЕ во Скопје во врска со условите за избори на 11 декември, изнесени во интервју за Радио Слободна Европа, на министерот за надворешни работи на Грција, Коѕиас, во врска со името на нашата држава, даден во интервју за грчкото Радио Алфа, потоа ставот на Асоцијацијата на американските обвинители во врска со СЈО итн.

Третозастапена како субјект во вестите на ТВ Шења е категоријата кодирана како „Без субјекти". Повторно, двата настана за коишто интензивно информираше медиумот во текот на извештајниот период, случувањата околу Универзитетот „Мајка Тереза" и судските процеси „Дива населба" и „Сопот", коишто се условно „виновни" за застапеноста на категоријата „Други субјекти", се причината за високата присутност и на субјектите кодирани како „Без субјекти". Како соговорници медиумот во едниот настан ги користи студентите, а во другиот често роднините на обвинетите, коишто методолошки ги кодираме како „Без субјекти". Информациите за животот на граѓаните во поплавените подрачја, за пожар во стан во населба Чаир и сл. кадешто граѓаните се главниот извор на информации, ја заокружуваат присутноста на оваа категорија.

Во анализираните прилози, телевизијата извести за активностите на 10 политички субјекти. Ставовите по одредени прашања, посредно или непосредно (со отстапен простор за директно обраќање), подредени според временската застапеност, се пренесени на следниве субјекти: Беса, СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, ДУИ, ДПА – ДР, ДПА, Унитети, Опозициски совет, НДП и Демократски сојуз.

Телевизијата известува со неутрален тон и рамка. Критички однос кон ДУИ е заземен во еден новинарски осврт посветен на односот на оваа партија кон Специјалното јавно обвинителство, насловен „Собрание – Двете лица на ДУИ кон законот за заштитени сведоци" (трае 3 минути и 20 секунди). Преостанатите два новинарски осврта се поврзани со претстојните избори: „Избори на 11 декември – Една недела пред распуштање на Собранието, многу работи нерасчистени" (трае 3 минути и 36 секунди) и „Избори на 11 декември – Никакво поместување на изборните единици" (трае 2 минути и 3 секунди).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Шења | Траење | Процент |
|---|---|---|
| СДСМ | 00:02:46 | 6,34 % |
| ДПА-ДР | 00:01:29 | 3,40 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:18 | 2,98 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:28 | 5,65 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:56 | 9,01 % |
| Влада на РМ | 00:04:23 | 10,05 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Граѓански сектор | 00:01:10 | 2,67 | % |
| Други субјекти | 00:09:32 | 21,85 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:49 | 4,16 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:04 | 2,44 | % |
| Беса | 00:02:32 | 5,81 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:21 | 0,80 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:37 | 22,04 | % |
| Опозициски совет | 00:00:17 | 0,65 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:56 | 2,14 | % |
| | **Вкупно: 00:43:38** | 100 | % |

Кај директните обраќања, со временска застапеност од над 9 минути, речиси подеднакво се присутни субјектите Експерти/аналитичари и оние кодирани како „Други субјекти". Според временската застапеност следуваат директните обраќања на претставниците на Владата, Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари, на претставници на политичките партии СДСМ и Беса итн.

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

Емитувани се четири премиерни дебатни изданија на нововоспоставената емисија „Арена" и 6 репризни емитувања на премиерните дебати.

На 4 октомври, гости во студиото на ТВ Шења беа Лаура Прапанику, новинар во Македонско радио и Зеќирја Незири, универзитетски професор на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј". Тема на разговор беше новоотворениот Универзитет на албански јазик „Мајка Тереза". Водителката информираше дека како гости биле поканети и министерот за образование, Пиштар Љутфиу, Агим Рушити и Азис Положани, професори на универзитетот, но не ја прифатиле поканата за учество во емисијата. Од ова издание се емитувани и две репризи, на 8 и 9 октомври.

На 5 октомври, во рамки на истата емисија, опструкциите во работата на Специјалното јавно обвинителство и резултатите од мерењата на јавното мислење, беа главни теми на разговор со гостите Алберт Муслиу, Џелал Незири, двајцата аналитичари и Арианит Хоџа, претставник на политичкиот субјект Опозициски совет. Емисијата е два пати репризирана, на 6 и 9 октомври.

Третото премиерно издание на емисијата „Арена" во четвртиот извештаен период е емитувано на 6 октомври. Судските случаи „Монструм" и „Сопот", како и неизгласувањето на законите за заштитени сведоци што ги бараше СЈО, беа предмет на дискусија со Бедри Ајдари, претставник на семејствата на обвинетите во случајот „Монструм" и Шабан Лимани, претставник на семејствата на осудените во случајот „Сопот". Водителката информираше дека бил поканет и претставник на ДУИ, но од партијата не одговориле на поканата. Дебатата е репризирана два пати, на 7 и 9 октомври.

Последното издание на „Арена" е емитувано на 11 октомври, со тројца дискутанти, Зијадин Села, претседател на ДПА-ДР, Исен Салиу и Беким Лачи, новинари. Опозициското обединување на вонпарламентарните партии од албанскиот политички блок, беше главната тема на којашто дискутираа гостите.

_Друга информативна програма_

Во четвртиот извештаен период, од 2 до 11 октомври, ТВ Шења емитуваше две премиерни и пет репризни изданија на информативната емисија „Неделно ретро" (Retro javore). Премиерните изданија беа емитувани на 2 и 9 октомври и истите се репризираа уште по два пати, на 3 и 9 октомври, односно на 10 и 11 октомври. Едно репризно издание на емисијата, емитувано на 2 октомври, се однесува на изданието на емисијата од 25 септември. Емисијата е составена од прилози за настани што се случиле во текот на претходните денови.

Колажна информативна емисија, со економски теми, беше емитувана на 4 октомври, насловена како „Економикс". Емисијата е репризирана три пати, на 5, 6 и 10 октомври.

Во рамки на информативната емисија „Траги", од 7 октомври, којашто за тема ја има Состојбата на автопатиштата во Македонија и плаќањето патарини, се емитувани два разговора, со директорот на ЈП „Македонија пат" – Гајур Кадриу и со универзитетскиот професор, Насир Селмани. Емисијата е еднаш репризирана, наредниот ден, на 8 октомври 2016 година.

***Сектор за програмски работи***